КОНФЕРЕНЦИЈА

# Време за ресетирање

## Предефинирање на моќта на заедниците преку креативен активизам и ангажирана уметност

*30-ти септември - 1-ви октомври 2022 година, Јавна соба, Скопје*

Многу демократски влади на Западниот Балкан - па и надвор од него - бележат неповолни тенденции и се предмет на назадување поради тоа што се придвижуваат во авторитарна насока. Широкозастапен е консензусот дека граѓанскиот ангажман е клучен за поттикнување на балансирана власт и токму затоа се вложуваат значајни ресурси во подигнувањето на граѓанската свест за важните прашања. Претставниците на граѓанското општество (организациите, активистите, уметниците и различните платформи за дејствување) создаваат наративи насочени кон развивање интерес за ангажман на општата јавност како и за граѓанско мобилизирање во кампањи за застапување. Сепак, се уште се ограничени ефективната граѓанска мобилизација и јавното дејствување, во смисла на опфат и влијание.

Од друга страна, има видливи примери на мали неформални акции и ангажирани уметнички проекти коишто го користат својот потенцијал за предизвикување општествени промени. Се повеќе и повеќе креативниот активизам - самиот по себе или во комбинација со постоечките форми на граѓански притисок и претставување - има потенцијал да им вдахне енергија на луѓето и на организациите и да поттикнува култура на креативност. Конкретна стратегија во комбинација со емоции и емпатичен приод ги унапредуваат личните каузи, ги прави заедниците да се чувствуваат помоќни и допираат до поголема публика за да наметнуваат мали, но значајни решенија.

Реализацијата и промоцијата на граѓанските ангажирани акции се важни, но недоволни. Не постои волшебна формула којашто гарантира дека овие акции ќе донесат поддршка, резултати и ќе им се допаднат на другите. Што има посебно во користењето на креативниот активизам за лобирање за промени? Што ја мотивира, негува и унапредува улогата и влијанието на граѓанските претставници и заедницата? Како да се направат поафектни и поефективни интервенциите што ќе донесат поверојатни промени? Како да се соработува со други засегнати страни и да се овозможи инклузивност и солидарност? Како да се обезбедат одржливи ангажмани и напори?

Имајќи ги овие прашања на ум, оваа конференција се стреми да осмисли нови приоди за оние кои застапуваат општествени промени и ги пренесуваат на следното ниво. Познати теоретичари, ангажирани уметници, активисти и организации што промовираат слични или комплементарни иницијативи ќе ги анализираат научените лекции и ќе ги продискутираат претстојните предизвици и можности. Настанот има за цел да ги капитализира овие искуства со надеж дека ќе инспирира уште покреативни и поиновативни граѓански акции, ќе создаде позитивни синергии и учења и ќе постигнат ефект на мултипликатор во заедниците во иднина.

# АГЕНДА

Ден 1 (30 септември 2022 година)

**19.00 – 20.00 Отворање на конференцијата**

**Поздравен говор**, Адријана Лавчиска, Фондација Отворено општество - Македонија

**Промоција на книгите**: *„СОЗДАВАЊЕ ПРОМЕНА: Разгледување креативни приоди за акција против корупција во Западна Африка и на Западен Балкан*” и „Уметнички/ *креативен активизам во Македонија: Враќање на јавниот простор преку граѓански ангажман 2006 - 2020“*

- Промотор: Александра Бубевска, новинарка, Северна Македонија
- Говорници: Анила Бала, уметница и активистка, Албанија;
  Никола Писарев, Центар за современа уметност, Северна Македонија

**Документарен филм** „КреаАКТ*: Креативни приоди во борбата против корупција на Западен Балкан и во Западна Африка“*

- Промотор: Славица Инџевска, Фондација Отворено општество - Македонија

Модератор: Радмила Масловариќ, Фондација Отворено општество Србија

**20.00 Уметничка интервенција проследена со прием**

**Ден 2 (1 октомври 2022 година)**

**10.00 – 11.30 Панел дискусија: „Квака 22“ со поглед кон иднината (дел I)**

- Искра Гешоска, Претседателка, Контрапункт Скопје, Северна Македонија
- Андреа Линенол, Координатор на уметничкиот тим на Документа петнаесет, Германија
- Стефан Данком, Ко-директор, Центар за уметнички активизам, САД
- Карен ван ден Берг, професор по теорија на уметност и кураторство, Универзитет Цепелин, Германија
- Владимир Јанчевски, куратор и историчар на уметност, Музеј за современи уметности, Северна Македонија

Модератор: Артан Садику, филозоф и активист, Северна Македонија

**11.30 – 12.00** Кафе-пауза

**12.00 – 13.45 Панел дискусија: „Квака 22“ со поглед кон иднината (дел II)**

- Едиса Демиќ, активистка, Босна и Херцеговина
- Ненад Стојановиќ, активист, Проактив, Србија
- Денис Ампев, активист, Штип уметнички активизам, Северна Македонија
- Самбоу Оуми Регина, основачка и уредничка, Africulturelle, Сенегал
- Принц Ендру Ардафио, активист, Гана

Модератор: Бет Дунлап, Фондации отворено општество Њујорк, САД

**13.45 - 15.00** Ручек

**15.00 - 17.30 Панел дискусија: Имаме шанса! Од подигнување свест до општествена мобилизација низ призмата на донаторите**

- Хава Ба, Директор на сектор, Фондација Отворено општество Африка
- Бертан Селим, Одговорен за финансирање и комуникации, Фонд Принц Клаус, Холандија
- Алберт Хани, генерален секретар на РИКО, Албанија

Модератор: Лаурен Агоста, консултантка, САД

**17.30-17.45 Завршно обраќање**